**20101122187**

## ДИРЕКЦИЈА ЗА РАДИЈАЦИОНА СИГУРНОСТ

Врз основа на член 3 став 2 точка 12 од Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02 и 135/07), директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИ И ЛИЦЕНЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци.

Член 2

Подносителот на барањето за издавање на дозвола или лиценца, со поднесување на барањето уплатува на сметка на Дирекцијата за радијациона сигурност износ од 2.000,00 денари на име трошоци, во спротивно се смета дека барањето не е поднесено.

Подносителот на електронско барање за издавање на дозвола или лиценца, со поднесување на барањето, а најдоцна до издавањето на дозволата или лиценцата, уплатува на сметка на Дирекцијата за радијациона сигурност износ од 2.000,00 денари на име трошоци, во спротивно се смета дека барањето не е поднесено.

Подносителот на барањето за согласност за поставување на електронска комуникациска опрема за пренос на слика, говор и други податоци која се поставува на објекти за кои е издадено одобрение за употреба, со поднесување на барањето уплатува на сметка на Дирекцијата за радијациона сигурност износ од 2.000,00 денари на име трошоци, во спротивно се смета дека барањето не е поднесено.

Член 3

Висината на трошокот за издавање на дозвола за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење изнесува и тоа:

1) за увоз:

- еднократен....................................10.000,00 денари,
- повеќекратен.................................30.000,00 денари.

2) за извоз:

- еднократен....................................10.000,00 денари,
- повеќекратен .................................30.000,00 денари.

3) за превоз .....................................30.000,00 денари,

4) за превоз за сопствени потреби.....20.000,00 денари,

5) за складирање во времено складиште на искористен радиоактивен извор...10.000,00 денари по извор,

6) за давање на користење ...............9.000,00 денари,

7) за поставување и одржување (сервисирање) .......................................20.000,00 денари,

8) за престанок на употреба .........10.000,00 денари и

9) за производство........................100.000,00 денари.

Член 4

Висината на трошокот за издавање на дозвола за вршење на дејност со:

1) Отворени извори на јонизирачко зрачење и тоа:

- За дијагностика во нуклеарна медицина................................................50.000,00 денари,
- За дијагностика и терапија во нуклеарна медицина ............................50.000,00 денари и
- За друга намена ...........................30.000,00 денари.

2) Затворени извори на јонизирачко зрачење, вклучувајќи уреди за техничка контрола, уреди за гама дефектоскопија, уреди за гама-терапија и слично:

- категорија 1 на радиоактивни извори............................30.000,00 денари по извор,
- категорија 2 на радиоактивни извори ............................25.000,00 денари по извор,
- категорија 3 на радиоактивни извори ............................20.000,00 денари по извор,
- категорија 4 на радиоактивни извори ...........................10.000,00 денари по извор и
- категорија 5 на радиоактивни извори ................................8.000,00 денари по извор.

3) Акцелератор................60.000,00 денари по извор.

4) Медицински рентген апарати:

а) во стоматологија:

- за снимање на заби......6.000,00 денари по апарат и
- за панорамско снимање на заби и вилица..........................12.000,00 денари по апарат.

б) во медицината:

- компјутеризирана томографија................................ .........................................60.000,00 денари по апарат,
- интервентна радиологија.......................................... .........................................30.000,00 денари по апарат,
- рентген апарат за снимање дојки (мамографија).................12.000,00 денари по апарат,
- рентген апарати за терапевтска намена.............................35.000,00 денари по апарат,
- рентген апарат за снимање на густина на минерали во коски.........................20.000,00 денари по апарат и
- останати рентген апарати за графија и скопија ........30.000,00 денари по апарат,

5) рентген апарати во ветеринарна медицина .......................30.000,00 денари по апарат,

6) Индустриски рентген апарати:

- рентген дефектоскопи............................................... .......................................30.000,00 денари по апарат и
- останати.......................20.000,00 денари по апарат.

Член 5

Висината на трошокот за издавање на дозвола за симнување и безбедно и сигурно складирање изнесува и тоа за:

1) радиоактивен громобран......................................... ..........................................20.000,00 денари по извор,

2) јонизационен јавувач на пожар............................. ..........................................1.000,00 денари по извор и

3) друг радиоактивен извор........................................ ..........................................10.000,00 денари по извор.

Член 6

Висината на трошокот за издавање на дозвола за транзит на радиоактивен и нуклеарен материјал и радиоактивен и нуклеарен отпад низ територијата на Република Македонија изнесува 55.000,00 денари.

Член 7

Висината на трошокот за издавање на дозвола за вршење на дејност складирање на ниско и средноактивен радиоактивен отпад изнесува 60.000,00 денари.

Член 8

Висината на трошокот за издавање на лиценца изнесува и тоа за:

1) овластен стручен технички сервис..........................................100.000,00 денари и

2) за вршење на деконтаминација....60.000,00 денари.

Член 9

Висината на трошокот за издавање на согласност за поставување на електронска комуникациска опрема за пренос на слика, говор и други податоци која се поставува на објекти за кои е издадено одобрение за употреба изнесува 15.000,00 денари.

Член 10

Висината на трошокот за инспекциски увид од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност во постапката за издавање на дозвола, лиценца или согласност изнесува 20.000,00 денари.

Член 11

Висината на трошокот за изменување и дополнување на дозволата или лиценцата изнесува 50% од висината на трошокот за добивање на нова дозвола, односно нова лиценца.

Член 12

Висината на трошокот за обновување на дозволата, лиценцата или согласноста изнесува исто како и висината на трошокот за издавање на нова дозвола, лиценца или согласност.

Член 13

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-1007/2
18 август 2010 година
Скопје

Директор,
д-р **Нузи Шахин**, с.р.